Влада на Република Северна Македонија

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

## П Р О Г Р А М А

## ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА БОЛНИ КОИ СЕ ТРЕТИРААТ СО ДИЈАЛИЗА И АКТИВНОСТИ ЗА ПАЦИЕНТИТЕ СО ХЕМОФИЛИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2020 ГОДИНА

**Скопје, декември 2019 година**

Врз основа на член 16 став (1) алинеја 8 и став (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19 и 180/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на ____________ донесе

**ПРОГРАМА**

Влада на Република Северна Македонија

## ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА БОЛНИ КОИ СЕ ТРЕТИРААТ СО ДИЈАЛИЗА И АКТИВНОСТИ ЗА ПАЦИЕНТИТЕ СО ХЕМОФИЛИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2020 ГОДИНА

### 1. Болни со хронична бубрежна инсуфициенција и нивно третирање со дијализа

Пациентите со хроничната бубрежна инсуфициенција се лекуваат со хемодијализа за нивно оспособување за вршење на секојдневните активности.

**1.1.** Обезбедување на лекување на најмногу 20 пациенти од Република Албанија, како итни случаи за хемодијализа во траење од еден циклус, за една година во ЈЗУ Завод за нефрологија Струга  кои се опфатени со Спогодбата меѓу Македонската Влада и Албанската Влада за соработка во областа на здравството и медицинските науки.

**1.2. Покривање на трошоци за дијализа на лица без здравствено осигурување**.

Со оваа активност се покриваат трошоците за хроничен дијализен третман за лица кои во периодот на отпочнување на хемодијализниот третман немаат здравствено осигурување во временски  период од максимум 60 дена, кој е доволен за регулирање на здравственото осигурување.

Извршители:центри за хемодијализен третман
Индикатор: број на пациенти со покриени трошоци за хроничен хемодијализен третман

**1.3. Превенција од вирусен хепатит Б  за пациентите на хроничен дијализен третман кои се државјани на Република Северна Македонија**

1.3.1 Групна набавка на Хепатит Б адулт вакцини  од страна на ЈЗУ ЦЈЗ Скопје за потребите на 10-те центри за јавно здравје;

Извршител: ЈЗУ Центар за јавно здравје - Скопје
Рок на извршување: мај  2020
Индикатор: склучени договори по спроведена постапка за јавна набавка и записник од прием на вакцини

1.3.2 Спроведување на вакцинација и ревакцинација за сите  пациенти на хемодијализа согласно протоколот за вакцинација на пациентите на хемодијализа

Извршител: 10-те центри за јавно здравје
Рок на извршување: континирано
Индикатор: извештај за број на пациенти на хемодијализа  вакцинирани/ ревакцинацинирани со Хепатит Б вакцина .

### 2. ПРЕВЕНЦИЈА НА КОМПЛИКАЦИИ КАЈ ЛИЦАТА СО ХЕМОФИЛИЈА

2.1 Хемофилија А и хемофилија Б се наследни заболувања кои настануваат заради неспособноста на организмот да создава т.н. фактор VIII или фактор IX во доволни количини. Доколку овие лица адекватно и навремено не се лекуваат, кај нив може да настанат сериозни компликации.
Покрај активностите за лекување на лицата со хемофилија, потребен е и интегративен и сеопфатен пристап. Целта е подобрување на состојбата на овие лица преку рано препознавање

и навремено лекување, нивна едукација и едукација на нивните семејства и други активности. Затоа Центарот за хемофилија при ЈЗУ Институтот за трансфузиона медицина (ЈЗУ ИТМ) заедно со граѓанските здруженија ги проширува досегашните активности со цел да прерасне во Центар за сеопфатна грижа.

2.2 Планирани активности за унапредување на грижата за лицата со коагулопатии во 2020 година, за која е неопходна координација помеѓу Министерството за здравство, Центарот за хемофилија при ИТМ, ЈЗУ УК за хематологија, ЈЗУ УК за детски болести и граѓанските здруженија на лица со коагулопатии.

2.2.1 Спроведување на анкети помеѓу здравствените работници, според што потоа ќе се организираат работилници со здравствени работници од примарна и секундарна здравствена заштита.

2.2.2 Спроведување на анкети со граѓаните како би можело да се процени нивното познавање на коагулопатиите и според тоа да се креира кампања за подигање на јавната свест.

2.2.3 Организирање на работилници со заедничко учество на Министерството за здравство, Центарот за хемофилија при ИТМ, ЈЗУ УК за хематологија, ЈЗУ УК за детски болести и граѓанските здруженија на лица со коагулопатии.

2.2.4 Спроведување на епидемиолошко и клиничко истражување за здравствениот статус и работната способност кај лицата со хемофилија и останати вродени нарушувања на системот за коагулација, како и примена на индивидуални здравствено-промотивни активности.

2.2.5 Превентивни кардиоваскуларни прегледи за возрасните лица со хемофилија и останати коагулопатии. Активностите треба да бидат спроведени во соработка помеѓу, Центарот за хемофилија при ИТМ, ЈЗУ УК за кардиологија, ЈЗУ Универзитетски институт за клиничка биохемија и граѓанските здруженија на лица со коагулопати.

Извршители: Центарот за хемофилија при ИТМ, ЈЗУ УК за кардиологија, ЈЗУ УК за хематологија, ЈЗУ УК за детски болести, ЈЗУ Универзитетски институт за клиничка биохемија и граѓанските здруженија на лица со коагулопати.

Индикатор: број на спроведени анкети, број на спроведени едукативни работилници за здравствени работници, број на едукативни работилници за компликациите од коагулопатиите и број на превентивни кардиоваскуларни прегледи за возрасните лица со коагулопатии.

## 3. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

**Оваа програма ќе се реализира во обем и содржина во вкупен износ од 7.000.000,00 денари, согласно одобрените средства од основниот буџет во висина од 2.000.000,00 денари и 5.000.000,00 денари од буџетот на самофинансирачки активности. Распределбата на финансиските средства по планирани активности и извршители, прикажани се во Табела број 1.**

**Табела број 1**

„

| Вид на активост | Потребни финансиски средства (ден.) | Извршител |
|---|---|---|
| 1.1 Потребни средства за дијализа на пациенти опфатени со Спогодбата меѓу Македонската Влада и Албанската Влада за соработка во областа на здравството и медицинските науки | 2.500.000,00 | ЈЗУ Завод за нефрологија Струга |
| 1.2 Покривање на трошоци за дијализа на лица без здравствено осигурување до најмногу 60 дена | 1.950.000,00 | Хемодијализни центри |
| 1.3 Превенција од вирусен хепатит Б за пациентите на хроничен дијализен третман кои се државјани на | 1.500.000,00 | 10-Центри за јавно здравје |

| | | |
|---|---|---|
| Република Северна Македонија | | |
| 2.1 Превенција на хемофилија по пат на едукативни активности (семинари,флаери и брошури) | 50.000,00 | ИТМ (Центар за хемофилија ) |
| 2.2 Планирани активности за унапредување на грижата за лицата со хемофилија и други вродени коагулопатии во 2020 година | 1.000.000,00 | Центарот за хемофилија при ИТМ, ЈЗУ УК за кардиологија, ЈЗУ УК за хематологија, ЈЗУ УК за детски болести, ЈЗУ Универзитетски институт за клиничка биохемија и граѓанските здруженија на лица со коагулопатии |
| **ВКУПНО ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА:** | **7.000.000,00 денари** | |

“

**Во рамките на оваа програма ќе се исплатат и неизмирени обврски за 2019 година.**

Со оглед на тоа дека здравствениот статус на населението не претставува константна категорија и истата подлежи на варијации во болестите и бројот на пациентите, не е можно да се предвиди апсолутно точен број на заболените.

## 4. ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Извршители на оваа програма се ЈЗУ Завод за нефрологија Струга, здравствените установи во кои пациентите се лекуваат со хемодијализа, 10-те Центри за јавно здравје, ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина-Центар за хемофилија, ЈЗУ УК за кардиологија, ЈЗУ УК за хематологија, ЈЗУ УК за детски болести, ЈЗУ Универзитетски институт за клиничка биохемија и граѓанските здруженија на лица со коагулопатии.

## 5. НАЧИН НА ФАКТУРИРАЊЕ НА УСЛУГИТЕ

Министерството за здравство месечно ќе ги распределува средствата до здравствените установи за хемодијализен третман извршители на активностите врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во оваа програма, фактурирани согласно референтните цени на Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија. Здравствените установи каде се спроведува дијализа на пациентите, вршат поединечно фактурирање со прилог: за секој пациент со извештај, доказен материјал, пресметка и потврда за статус на неосигурано лице издадена од ФЗОМ со точни податоци за временскиот период за неосигураноста.

Центрите за јавно здравје доставуваат во прилог на фактурата и копија од рамковната спогодба за јавна набавка, копија од склучен договор за набавка со најповолен понудувач и испратница за достава на вакцините.

## 6. ДОСТАВУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ И РОКОВИ

Здравствените установи кои се извршители на оваа програма доставуваат месечни извештаи за реализирани активности согласно роковите за извршување наведени во оваа

програма, а годишен извештај за реализирани активности за 2020 година до Министерството за здравство најдоцна до 15.02.2021 година.

## 7. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Министерството за здравство ќе врши редовни контроли најмалку на секои три месеци во јавните здравствени установи извршители на оваа програма, во делот на реализирани активности согласно оваа програма.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Бр.________________**
**____________2019 год.**

**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА,**

**Зоран ЗАЕВ**